Република Северна Македонија

**Државен архив на Република Северна Македонија**

Бр. 01-3218/2

Скопје, 07.11. 2022 год.

Врз основа на чл. 55 ст. 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, директорот на Државниот архив на Република Северна Македонија донесува

# ПРАВИЛНИК

## за надоместоците во издавачката дејност

### Член 1

Со овој Правилник се утврдува висината на надоместоците за авторски хонорари.

### Член 2

Висината на надоместоците за авторските хонорари во издавачката дејност за публикациите [научни изданија (зборници на документи и монографии), научно-популарни изданија (мемоари, интервјуа (усна историја), хроники, патописи, статии од периодичен печат и сл.), популарни (албуми, брошури, речници, енциклопедии, каталози, анализи, водичи)], со исклучок на статиите во списанието „Македонски архивист", се утврдува според авторски табак.

Еден авторски табак има 30.000 компјутерски знаци со растојание меѓу зборовите (1 стр. = 1.875 знаци).

Основицата на надоместокот претставува просечната месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија во претходното тримесечје.

Надоместокот се исплаќа процентуално, по авторски табак, од основицата.

### Член 3

Во согласност со доставениот опис на концепцијата на публикацијата од страна на авторот/авторите, кој ќе биде потврден од уредникот (определеното одговорно лице во Државниот архив), се пресметуваат надоместоците за:

1. Избор на документи од примарни и секундарни извори – 4 %

2. Препис од оригиналниот документ од ракопис на:

- мртви јазици – 20 %

- живи јазици – 15 %

3. Препис на документ од машинопис – 10 %

4. Симнување од аудиозапис – 10 %

5. Обработки и белешки за документите под текстот – 10 %

6. Текст со научна апаратура – 20 %

7. Предговор, вовед – 20 %

Доколку публикацијата содржи препис и обработка на документи и истовремено факсимили од истите документи, за изборот на факсимилите (документите) не се исплатува надоместок.

**Надоместоци за:**

Рецензија на книга до 300 страници – 3.000 денари; за повеќе од 300 страници – 5.000 денари.

## Член 4

За потврда и финална редакција на текстовите пред печатење од страна на главниот и одговорен уредник на еден број од списанието „Македонски архивист", следува надоместок од 40 % од просечната месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија во претходното тримесечје.

## Член 5

Надоместокот за авторските услуги извршени од вработените на Државниот архив на Република Северна Македонија за негови интерни проекти и за проекти во соработка со други домашни и меѓународни архивски и други институции, од кои произлегуваат публикации, се исплаќа во висина од 35 % од износот одреден во Правилникот.

Република Северна Македонија

**Државен архив на Република Северна Македонија**

### Член 6

Исплатата на авторските надоместоци се врши во нето-износ, преку Авторската агенција на Република Северна Македонија врз основа на авторски договор и доставена фактура.

### Член 7

Исплатата на авторските надоместоци се врши од одобрениот буџет на Државниот архив. Доколку во тековната година буџетот за издавачката дејност е намален, поради кризна состојба или виша сила, висината на сите авторски хонорари по Одлука на директорот може да се намали за 50 % од износот одреден со овој Правилник.

### Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

### Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за надоместоци за издавачката дејност (0101-553/2 од 9.2.2021 г.)

Директор,

д-р Емил Крстески